# *Стратегија*
# ЗА СОРАБОТКА НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР И НЕГОВ ПОСТОЈАН РАЗВОЈ

2012-2015

ОПШТИНА
ЈЕГУНОВЦЕ

# *Стратегија* ЗА СОРАБОТКА НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР И НЕГОВ ПОСТОЈАН РАЗВОЈ

## 2012-2015

Проект: „Граѓански дијалог на локално ниво“
Проектот е финансиран од Европската Унија

„Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Македонски центар за меѓународна соработка и на никаков начин не ги одразува гледишта на Европската Унија.“

МЦМС
МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Проектот е спроведуван од МЦМС



# Содржина


## I ВОВЕД

1.1. Општа цел на Стратегијата ........ 2

1.2. Методологија ........ 3

1.3. Принципи ........ 4

## II ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО ЈЕГУНОВЦЕ 6

## III СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ 8

3.1. Воспоставување механизми за соработка и обезбедување транспарентно информирање меѓу општината и граѓанските организации ........ 10

3.2. Создавање овозможувачка околина за поттикнување и развој на граѓанското општество во општина Јегуновце ........ 11

3.3. Активно вклучување на граѓаните и граѓанските организации во процесите на креирање на локалните политики ........ 12

3.4. Придонес кон финансиската одржливост на граѓанскиот сектор и воспоставување партнерства помеѓу организациите и општината ........ 13

3.5. Подобрување на капацитетите на општинската администрација и на граѓанските организации ........ 14

## IV СПРОВЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И РЕВИЗИЈА 16

## Прилог 1. Акциски план 18

# I ВОВЕД

Создавањето институционални механизми за соработка на граѓаните и државните органи и тела, особено на локално ниво во процесот на креирање на политиките и други акти е основа на партиципативната демократија. Вклучувањето во креирањето на локалните политики во руралните средини како што е и општина Јегуновце исто така подразбира и мобилизирање на целата јавност и создавање услови за изразување на сопственото мислење, не само на организиран начин преку граѓанските организации, туку и директно од страна на граѓаните. Затоа, општина Јегуновце во целост ги препознава важноста и улогата и на граѓанскиот сектор во развојот на демократските процеси во општината и општо во развојот и подобрување на живото во заедницата, но исто така со оваа стратегија ќе создадат услови да се слушнат мислењата и предлозите на граѓаните. Од своја страна граѓанскиот сектор во општина Јегуновце, иако недоволно развиен, сепак во изминатиот период во одредени области врши важни општествени функции. Најголемо влијание е направено во областа на родовата рамноправност и едукација за жените од руралните подрачја, како и организации кои ја промовираат културата, ги поддржуваат младите и спортот.

Тргнувајќи од овие факти, општина Јегуновце одлучи да го поттикне граѓанскиот активизам во општината, да унапреди соработката со граѓанските организации и да придонесе кон нивни постојан развој. Овој стратешки документ и активностите предвидени во него ќе претставуваат водечка рамка за политиката на општината кон граѓанскиот сектор и кон поттикнување на граѓаните да бидат вклучени во креирањето на локалните политики. Усвојувањето на Стратегија за соработка на општина Јегуновце со граѓанскиот сектор и негов постојан развој е индиректен придонес и кон реализирање на една од стратешките заложби определени во Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007-2011 г.). Имено, во седмата цел од националната стратегија предвидено е *„Преку промовирање на целите и мерките на стратегијата на локално ниво, единиците на локалната самоуправа ќе ја препознаат важноста на соработката и развојот на локалните граѓански организации и ќе можат да усвојат слични механизми за соработка и вклучување на граѓанските организации во спроведување заеднички активности"*.

Процесот на подготовка на стратегијата е воден од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) како дел од проектот „Граѓански дијалог на локално ниво" спроведуван од МЦМС, а финансиски поддржан од Европската Унија преку инструментот за демократија и човекови права (ЕИДХР).

Стратегијата е усвоена на 29 декември 2011 г. на 34 седница на Советот на општина Јегуновце.

## 1.1. Општа цел на Стратегијата

Општа цел на стратегијата е унапредување на заедницата преку развој на граѓанскиот сектор и воспоставување заедничка соработка на граѓанските организации со општината.

Со имплементацијата на овој стратешки документ ќе се обезбедат институционални механизми за соработка на општината со граѓанскиот сектор, како и за поттикнување на развојот на граѓанското општество на локално ниво. Соработката ќе биде насочена кон заедничко утврдување на приоритетите и креирање на локалните политики, што ќе обезбеди легитимитет и поддршка од пошироката јавност во општината. Преку создавање активно граѓанство, ќе се мобилизира целокупната јавност во насока на развој и одржливост на локалната заедница согласно потребите на граѓаните.

Општината ќе се стреми кон создавање услови за воспоставување институционална соработка со граѓанскиот сектор и креирање одржливи партнерства за:

- Определување институционален модел за воспоставена и функционална соработка меѓу општината, граѓанските организации и граѓаните, како и транспарентност во меѓусебното информирање;
- Поддршка и промовирање на потребата од организирано дејствување и здружување на граѓаните во интерес на потребите на локалната заедница, односно воспоставување граѓански организации и нивно јакнење за понатамошно активно оспособување на заедницата;
- Креирање на локалните политики и определување на приоритетите со директна вклученост на граѓаните и граѓанските организации;
- Финансиска одржливост на граѓанските организации и соработка во обезбедување ресурси и средства за реализирање развојни иницијативи;
- Зајакнување на капацитети на локалната администрација за развивање механизми и форми на соработка, како и зајакнување на капацитетите на граѓанскиот сектор за реализација на иницијативи и проекти од интерес на локалната заедница.

Клучната заложба на општина Јегуновце е преку оваа стратешка рамка да го поттикне граѓанскиот активизам во населените места во општината и да ги поддржи облиците на здружување на граѓаните во функција на просперитет на целата заедница и општината.

# 1.2. Методологија

## 1.2.1. Процес на подготовка

Стратегијата е подготвена на консултативен начин со значителна вклученост на граѓанските организации во периодот од септември до ноември 2011 година, во две фази.

Прво беше формирана работна група за подготовка на концепт на Стратегијата. Со поддршка за водење на процесот од претставник од МЦМС, работната група ја сочинуваа четири претставници, и тоа: еден претставник од Советот на општина Јегуновце, еден претставник на општинската администрација и двајца претставници од граѓанските организации. Работната група одржа три еднодневни работилници на коишто беше поставена структурата на стратегијата и беа определени општата цел, целите, принципите и предлог-активностите. Со подготвениот предлог-концепт беше заокружена првата фаза од подготовката на стратегијата.

За предлог-концептот на Стратегијата беше дискутирано на првиот форум со поголема група организации и претставници на Советот и на општинската администрација на Јегуновце. Забелешките дадени на форумот по предложениот документ беа повторно разгледани од страна на работната група. За деталниот акциски план по втор пат преку форумска расправа беше дискутирано со граѓанските организации и со претставниците на Советот и на општинската администрација.

Покрај комбинираниот модел на фокусирани расправи преку работна група и широки консултации, идентификувањето на потребите на секторот и приоритетните активности беа исто така определени и преку одговорени прашалници од страна на организациите.

Процесот на подготовка на Стратегијата се заврши со консултативна дводневна работилница на Програмскиот одбор на проектот „Граѓански дијалог на локално ниво“ кој е составен од претставници од трите пилот-општини во проектот (Битола, Дебар и Јегуновце), претставник на Министерството за локалана самоуправа, претставник на ЗЕЛС и претставници на МЦМС.

## 1.2.2. Опфат на граѓанскиот сектор: целна група

Целна група на којашто примарно се однесуваат мерките од оваа стратегија се организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации[1]. Општина Јегуновце има разбирање за поширокиот опфат на граѓанското општество чиишто чинители се и други облици на здружување, како: синдикатите, политичките партии, верските заедници, стопанските комори и сл., но се одлучи во овој документ за врамување на директна соработка со здруженијата и фондациите.  Оваа стратегија

1 Службен весник на РМ, бр. 52/2010, Закон за здруженија и фондации

во својот наслов и во содржината ги користи термините граѓански организации, граѓански сектор, граѓанско општество кои реферираат на потесната дефиниција и се користат како синоними за здруженија и фондации.

Од друга страна општата јавност, односно граѓаните не се исклучени од можноста да ги користат механизмите на вклучување во креирање на политиките на локално ниво, особено што намерата е со овој стратешки документ да се поттикнат граѓаните да ја препознаат користа од здружување и заедничко дејствување за општото добро на заедницата.

Соработката со другите чинители на граѓанското општество иако не е јасно дефинирана во стратегијата, истата ќе се поттикнува преку заедничките активности коишто ќе ги презема општината и граѓанските организации.

### 1.2.3. Временска рамка

Временската рамка за спроведување на Стратегијата е четири години и истата ќе се спроведува во периодот од јануари 2012 до декември 2015 година.

## 1.3. Принципи

### Партнерство

Општина Јегуновце и граѓанските организации ќе го градат своето партнерство поаѓајќи од потребите и интересите на граѓаните во општината. Соработката ќе се заснова на исти основи помеѓу сите страни со цел да се почитуваат различните мислења при дефинирање на заедничките цели. Комплементарноста во спроведување на активностите ќе биде почитувана од сите страни со цел да се излезе во пресрет со целиот капацитет и знаење.

### Меѓусебна поддршка

Меѓусебната поддршка е особено важна за општината заради надополнување на ресурсите и капацитети за подинамичен сопствен развој. Подобрувањето на квалитетот на живеење може да се постигне со заедничко координирано дејствување на сите заинтересирани страни. Граѓанските организации и општината низ дијалог и консензус ќе ги вградат различните вредности и интереси во локалните политики коишто ќе бидат поддржани од страна на сите граѓани на општина Јегуновце

## Поделба на одговорноста

Општината и граѓанските организации се обострано одговорни пред јавноста и граѓаните во рамките на спроведувањето на заедничките активности. Граѓанските организации ќе имаат целосна одговорност при реализирањето на активностите поддржани финансиски од општината. Но, исто така, одговорноста ќе биде одлика на општината во процесот на транспарентно распределување на финансиските средства на организациите.

## Транспарентност и јавност во работењето

Соработката ќе биде обезбедена со редовна размена на информации, транспарентно спроведување на постапките за финансирање на заедничките проекти, како и обезбедување слободен пристап до информации на сите граѓани што ќе овозможи нивно активно и квалитетно вклучување во процесот на донесување одлуки на локално ниво. Стратешките документи, планови и буџет на општината и на граѓанските организации ќе бидат достапни до јавноста. Транспарентноста и јавноста како принцип во остварување соработката ќе овозможи градење взаемна доверба меѓу локалната самоуправа и граѓаните.

## Еднакви можности за сите

Општината ќе се залага за почитувањето на еднаквите можности и недискриминацијата на сите луѓе во процесите на практикување на нивните основни права и слободи. Граѓанските организации и општината заеднички ќе работат на промовирање на рамноправноста и еднаквоста, вклученоста и обезбедувањето еднакви можности за сите граѓани. Од особена важност е почитувањето на овој принцип во процесите на спроведување на Стратегијата, имајќи предвид дека граѓанскиот сектор по својата природа на дејствување ги артикулира потребите и интересите на различни целни групи, особено маргинализираните, како: сиромашни, жени, лица со хендикеп и сл.

## Независност

Граѓанските организации се независни во остваруањето на сопствените цели и приоритети дефинирани во стратешките и програмските документи. При воспоставување на партнерствата, општина Јегуновце ќе ја почитува независноста на граѓаните и граѓанските организации во процесите на консултации, во реализација на заеднички проекти и особено при добиената финансиска поддршка од страна на општината.

# II ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО ЈЕГУНОВЦЕ

Територијата на општина Јегуновце се наоѓа во североистичниот дел на Долни Полог, на западната страна на варовничката планина Жеден и јужната падина на Шар Планина. По својата локација има важно економско значење за Западна Македонија, бидејќи низ нејзината територија минува регионалниот патен правец Тетово граничен премин Јажинце Урошевац.

Општината зафаќа површина од 174 км$^2$ на која се разместени 17 населени места. Во нив живеат 10.790 жители. Самата поставеност на овој регион условува развој на земјоделството, а помал број од населението се занимава со сточарство и шумско стопанство. Општина Јегуновце изобилува со извори на природна минерална вода, а планинскиот масив Жеден е богат со големи количества варовник – калциум карбонат и претставуваат одлична преспектива за развој на регионот.

Во општинската администрација моментално се вработени 18 лица, а во работата на Советот на општина Јегуновце се вклучени 15 советници.

Согласно завршната сметка на општина Јегуновце за 2010 година, остварени биле приходи во висина од 105.559.763 денари (планирани биле 121.196.001 денари), додека вкупните реализирани расходи изнесуваат 98.247.807 денари. За поддршка на граѓанските организации, општина Јегуновце од својот буџет во 2010 година издвоила 310.000 денари.

Во општина Јегуновце дејствуваат мал број граѓански организации со незначително граѓанско учество. Согласно податоците од Централен регистар (ЦРМ), во 2010 година имало 28 регистрирани организации. Од нив, до првата половина на 2011 се пререгистрирале само три граѓански организации. И покрај малиот број граѓански организации, сите не се подеднакво активни. Ниту една организација нема вработен персонал и егзистираат исклучиво со проектна поддршка.

Најголем дел од организациите немаат основни услови за работа: немаат простории, немаат постојано вработени лица, отсуствува активно членство. Со оглед на тоа дека донаторската заедница е сè построга кон поддршка на организации без доволно искуство, Јегуновце се соочува со пасивен граѓански сектор без капацитет за создавање одржливи проекти кои ќе влијаат врз развојот на локалната заедница.

Во однос на областите на дејствување на регистрираните 28 организации, најбројни се спортските здруженија (11), потоа три дејствуваат во областа на културата, две се активни во социо-хуманитарната област, а само една во делот на екологијата. Во други различни области дејствуваат уште 11 други организации. Од вкупно 28-те граѓански организации, на крајот од 2010 година завршна сметка поднеле девет организации. Вкупниот приход на овие девет организации е незначителен, односно изнесува околу 190.000 денари.

Обид за поддршка на граѓанскиот сектор беше направен пред 10 години, кога во општината преку соработка на општината и една граѓанска организација формиран беше НВО центар за поддршка на граѓанскиот сектор. Меѓутоа, бидејќи не беше обезбедена сопствена финансиска одржливост, НВО центарот траеше само во периодот додека беа обезбедени средства од донаторот. Во изминатиот период преку конкретно дејствување поактивни беа организацијата на жените и културно-уметничкото друштво од општината.

# III СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ

Општина Јегуновце има за цел да ја развие соработката со граѓанскиот сектор во функција на унапредување на заедницата. Со Стратегијата ќе се интензивира соработката со воспоставување механизам за соработка и обезбедување услови за континуирано информирање меѓу општината и граѓанските организации.

Заложувајќи се за овие достигнувања, општина Јегуновце придонесува кон зајакнување на граѓанскиот сектор во насока на промовирање на општествената улога што му припаѓа на секторот. Исто така општината ќе ги зајакнува сопствените капацитети за да може да одговори на иницијативите и барањата на граѓанскиот сектор и да оствари квалитетна соработка со граѓанските организации со цел заедничко дејствување за развој на заедницата.

Достигнувањето на општата цел на Стратегија ќе се оствари преку пет меѓусебно поврзани цели:

- Воспоставување механизам за соработка и обезбедување транспарентен проток на информации меѓу општината и граѓанските организации;
- Создавање овозможувачка околина за поттикнување и развој на граѓанското општество во општина Јегуновце;
- Активно вклучување на граѓаните и граѓанските организации во процесите на креирање политики на локалните власти;
- Придонес кон финансиската одржливост на граѓанскиот сектор и воспоставување партнерства помеѓу граѓанските организации и општината;
- Зголемување и зајакнување на капацитетите на општинската администрација и на ГО со цел да се подобри квалитетот на меѓусебна соработка.

# 3.1. Воспоставување механизми за соработка и обезбедување транспарентно информирање меѓу општината и граѓанските организации

Општина Јегуновце има за цел да го поттикне вклучувањето на граѓанскиот сектор во процесите на планирање, спроведување и следење на локалните политики. Општината ќе ги преземе сите неопходни мерки за создавање услови за редовна комуникација со граѓанскиот сектор и ќе се заложи за насочена, јасна и персонализирана соработка. Базата на податоци на веб-страницата на општина Јегуновце ќе обезбеди простор за промоција на граѓанскиот сектор и активностите преку информирање на јавноста за постоењето регистрирани и активни граѓански организации во општината, како и други информации по однос на нивното поле на дејствување. Оваа цел ќе се постигне преку:

1) Назначување лице за соработка со граѓанскиот сектор со јасно дефинирани надлежности за работа;
2) Редовно одржување консултативни (координативни) состаноци помеѓу општината и граѓанскиот сектор;
3) Определување посебен дел на веб-страницата за информирање на граѓанскиот сектор;
4) Воспоставување посеопфатна база на податоци на граѓанските организации во општината;
5) Поддржување за формирање форум на граѓанските организации.

За остварувањето на овие резултати, општината ќе назначи службеник од својата администрација со основни работни задолженија за соработка меѓу општината и граѓанските организации. Описот на работни задачи ќе биде дефиниран согласно потребите за соработка и организациската систематизација во општината. Ќе бидат воспоставени правила за редовна комуникација меѓу одговорниот соработник и граѓанските организации преку редовни состаноци, размена на информации, подготовка на информативни билтени и сл. Дополнително ќе се воспостават хоризонтални односи со другите службеници во општината, односно ќе постои редовна комуникација и известување меѓу одговорниот службеник за соработка со ГО и другите службеници коишто во своето работење повремено остваруваат контакти со граѓанските организации или имаат потреба за нивно вклучување. Општината ќе ги преземе сите потребни мерки за обезбедување технички услови за транспарентно и навремено информирање за сите политики коишто се подготвуваат и

усвојуваат од страна на Советот, со одржување редовни средби со градоначалникот и Советот и службите на општината со граѓанските организации.  Веб-страницата на општината ќе биде подобрена во функција на зголемена комуникација и интеракција со граѓанските организации. Имено, ќе биде обезбеден простор на веб-страницата за сите заинтересирани организации коишто сакаат да поставуваат информации за нивните активности. Општина Јегуновце ќе создаде можности за креирање база на податоци на граѓанските организации во општината и ќе ги поттикнува организациите постојано да ги ажурираат своите податоци во оваа база. Постоењето на базата дополнително ќе придонесува кон сеопфатноста на механизмот за соработка на општината со граѓанските организации.  Општината исто така ќе се заложи за формирање постојано координативно тело на граѓански организации во општината (пр. форум на граѓанските организации), кое ќе преставува точка на меѓусебна координација и соработка, но наедно ќе послужи и за структуриран дијалог со општината. Општината ќе го поттикне воспоставувањето на форумот и во неговата иницијативна фаза преку техничка и стручна поддршка (консултативен процес за надлежностите, поддршка во подготовка на основните документи и сл.), но исто така основните услови за минимално функционирање на Форумот по неговото воспоставување ќе бидат обезбедени од општината.

## 3.2. Создавање овозможувачка околина за поттикнување и развој на граѓанското општество во општина Јегуновце

Малиот граѓански активизам и малиот број граѓански организации се карактеристика на повеќето рурални општини, вклучително и Јегуновце. Затоа општината ќе преземе низа активности со кои ќе информираат граѓаните за можностите за остварување на нивните интереси преку организирање во граѓански организации.

Ова е од интерес и на општината затоа што на тој начин ќе ја олесни и интензивира комуникацијата со граѓаните со цел на поефикасен и поквалитетен начин да одговори на нивните потреби, како и да обезбеди партнерство во градењето и спроведувањето на локалните развојни политики.

Оваа цел ќе се постигне преку:

1) Информирање на граѓаните од страна на општината за можноста за здружување, за соработка, за придобивките од здружувањето и сл.;
2) Поддршка при формирање граѓански организации (институционална, правна, финансиска и сл.).

Општина Јегуновце ќе преземе повеќе активности за да го поттикне развојот на граѓанските организации на нејзината територија. За таа цел ќе се организираат информативни настани за запознавање на граѓаните од придобивките од организирано дејствување, за основните права на слободно здружување и слободно изразување, за трендовите во земјава и пошироко, за најдобрите европски, регионални и домашни практики и сл. Ќе се направи обид да се организираат информативни настани во сите населени места на општината, а со тоа да се поттикне граѓанско здружување во нив.

Дополнително на ова, општината ќе понуди бесплатна правна помош за групите граѓани коишто ќе се одлучат да основаат здруженија или други облици на здружување. На организациите ќе им бидат достапни основните информации за основање на организација, вклучувајќи и подготовка на основачките документи и совети за целиот процес. Основни средства потребни за регистрација на новоформираните организации ќе бидат обезбедени од општината.

# 3.3. Активно вклучување на граѓаните и граѓанските организации во процесите на креирање на локалните политики

Целта е да се овозможи граѓанските организации да ги презентираат своите ставови во однос на локалните политики и истите да бидат земени предвид во процесите на донесување на одлуките. Покрај постоечките законски форми за консултирање на граѓаните од страна на локална самоуправа, во соработка со граѓанскиот сектор ќе бидат креирани и други форми на соработка кои ќе соодветствуваат на потребите и можностите на заедницата. Оваа цел ќе се постигне преку:

1) Воспоставување мерки за учеството на граѓанските организации во процесот на планирање и подготовка на стратешки документи на општината;
2) Редовно вклучување на граѓанските организации и граѓаните во процесите на подготовка на стратешките документи; и
3) Вклучување претставници на граѓанските организации во работењето на комисиите на општината.



Учеството на граѓанските организации во подготовка на стратешки документи на општината (во различни области) ќе биде обезбедено преку дефинирање критериуми и постапка за избор на претставниците во работните групи и/ или комисии коишто ги подготвуваат стратешките документи. За таа цел ќе биде формирана мешовита

работна група сочинета од претставници од општинската администрација и од граѓанските организации кои ќе ги предложат критериумите и постапката за избор. Покрај заложбите за директно вклучување на организациите во работните групи, за заинтересираните граѓани и другите организации за конкретната политика или стратегија којашто се подготвува, ќе бидат организирани отворени консултативни настани (јавни трибини и сл.). Дополнително, на веб-страницата на општината ќе бидат објавувани сите предлог-документи и за истите ќе биде обезбеден соодветен временски рок во којшто заинтересираните граѓани и организации ќе може да ги даваат своите забелешки и предлози. За зголемено учество на граѓанските организации, општината преку воспоставени критериуми и процедури за вклученост на граѓанскиот сектор во креирањето локални политики во зависност од темите за коишто се дискутира, ќе обезбеди вклучување претставници на граѓанските организации во процесите на подготовка на стратешките документи, како и во постојаните комисии на Советот.

# 3.4. Придонес кон финансиската одржливост на граѓанскиот сектор и воспоставување партнерства помеѓу организациите и општината

Покрај иницијативите на општината за поттикнување организирано дејствување на граѓаните за различни интереси и воспоставување нови организации (цел 1), со оваа цел ќе се преземаат мерки за финансиска одржливост на граѓанските организации. Одржливоста ќе биде поддржана на различни начини (директно финансирање или преку кофинансирање и сервисни услуги). Финансиската одржливост на граѓанскиот сектор во голем дел зависи и од реализацијата на заеднички проекти или пак проекти иницирани и финансирани од страна на општината или пак од други домашни и странски донатори. Заради поефикасно и поеконимично работење, општината ќе се залага кон делегирање одредени свои надлежности кои во име и за сметка на општината ќе ги извршуваат граѓанските организации.

Оваа цел ќе се постигне преку:

1) Формирање фонд за поддршка на граѓанскиот сектор во рамките на годишниот буџет на општината;

2) Воспоставување транспарентни критериуми и постапка за финансирање на граѓанските организации;

3) Определување информативна точка за поддршка на работењето на граѓанските организации и самите граѓани;

4) Создавање услови за делегирање на надлежности од општината на граѓанските организации; и

5) Меѓусебно поддржување на општината и граѓанските организации во заедничко аплицирање во ЕУ и други меѓународни проекти.

Во рамките на буџетот на општината ќе биде определена висината на средствата наменети за финансирање проекти во соработка со граѓанскиот сектор соодветно на реалните потреби, но и можностите на општината, како и посебен фонд од буџетот наменет за кофинансирање проекти. Посебна работна група ќе развие транспарентни критериуми и процедури за финансирање на организациите директно од општината и за кофинансирање проекти поддржани од други донатори, а спроведувани од граѓанските организации. За оваа намена општината секоја година од буџетот ќе издвојува одредена сума којашто ќе биде достапна во текот на целата календарска година со цел сите организации коишто добиле поддршка за нивните проекти од други извори, да може од општината да добијат средства за остатокот потребен за завршување на проектните активности. Ќе бидат подготвени и формулари за стандардизирано аплицирање и за финансирање и за кофинансирање проекти од страна на општината.

Обезбедена ќе биде и техничко-материјална поддршка за просторија (како инфо-центар) во зградата на локалната самоуправа и ќе биде наменета за состаноци/ обуки, тековни работи и сл. за граѓанските организации, а потоа и информирање на граѓаните и граѓанските организации за можностите за ползување на просторијата за нивни потреби.

Преку анализа, ќе се утврдат областите во кои може општината да делегира наделжности на граѓанските организации. Во периодот на спроведување на оваа стратегија ќе се направи обид да биде целосно воспоставена и применета делегирана надлежност барем во една област.

# 3.5. Подобрување на капацитетите на општинската администрација и на граѓанските организации



Паралелно со активностите за промовирање и развој на граѓанскиот сектор, ќе се пристапи и кон подготовка на анализа на потребите за зајакнување на капацитетите на општинската администрација и на граѓанските организации. Јакнењето на капацитетите ќе треба да придонесе кон подобрено разбирање на активностите и на граѓанските организации.

Оваа цел ќе се постигне преку:

1) Анализирање на потребите за јакнење на капацитетите на општинската администрација и на граѓанските организации;

2) Спроведување план за јакнење на капацитетите; и

3) Континуирано меѓусебно информирање за надградување на соработката.

Горенаведените резултати ќе се постигнат преку процена на потребите за јакнење на капацитетите на општинската администрација за разбирање и соработка на граѓанскиот сектор, како и процена на потребите на граѓанските организации за поттикнување граѓански активизам и поголема вклученост на јавноста во граѓанскиот сектор. Врз основа на проценета, ќе биде изготвен план со активности за обуки, консултации, студиски посети, информации и сл. и за општинската администрација и за граѓанските организации. Особено внимание ќе се посветува на организирање заеднички едукативни настани на коишто ќе учествуваат и граѓанските организации и претставници од општината (од администрацијата и од Советот). Информации за планирани активности и настани на двете страни ќе бидат навремено споделувани, како и ќе се практикува редовно учество на активности од страна на двете страни.

# IV СПРОВЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И РЕВИЗИЈА

Општината и граѓанските организации ќе го следат процесот на спроведување на Стратегијата, како и нејзината ефективност, со цел да го прилагодат на моменталните потреби. Општината и граѓанските организации ќе подготват план за следење на спроведувањето на Стратегијата.

Одговорното лице за соработка со граѓанските организации и одделението од коешто ќе биде дел одговорното лице ќе биде примарно одговорно за спроведување на акцискиот план. Спроведувањето на Стратегијата ќе се следи преку изготвување годишни извештаи од страна на одговорното лице/ одделението коешто последниот месец од годината ќе го доставува на усвојување до Советот на Општина. Извештајот ќе даде пресек на постигнувањто на индикаторите определени во акцискиот план на Стратегијата, како и препораки за нивно понатамошно остварување.

По третата година од спроведување на Стратегијата, одговорното лице и одделението во консултации со претставници на граѓанските организации, другите релевантни службеници во општината и претставници на Советот ќе подготват план за оценка на спроведувањето на Стратегијата. Оценката ќе биде подготвена од страна на независни експерти. Резултатите од оценката ќе содржат анализа на спроведувањето, информации за постигнатите цели и препораки за измена и прилагодување на Стратегијата и на Акцискиот план кон состојбите и потребите.

Општината Јегуновце и конкретно одговорното лице за соработка ја имаат примарната улога во координирање и спроведување на Стратегијата. Истите се надлежни за годишна оценка и известување за начинот на спроведување на Стратегијата.

Конкретните активности за спроведување на Стратегијата со определена временска рамка, носители на активности, односно одговорни институции, индикатори за реализираните активности и алокацијата на изворот на финансирање на активностите се содржани во Акцискиот план којшто е составен дел на оваа стратегија (прилог 1).

# Прилог 1.
# Акциски план

| **СЦ 1** | **Воспоставување механизам за соработка и обезбедување транспарентно информирање меѓу општината и граѓанските организации** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **р.б.** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Финансиски средства** |
| 1.1. | Назначено е лице за соработка со граѓанскиот сектор со јасно дефинирани надлежности за работа | ▶ Дефинирање опис на надлежности за одговорното лице за соработка со ГО;<br>▶ Воспоставување правила на информирање и комуникација меѓу одговорното лице и организациите (редови состаноци, подготовка на информативни билтени, размена на информации, и сл.). | ЛС | 2012/во континуитет | ▶ Назначено лице за соработка со ГО<br>▶ Бр. на одржани состаноци помеѓу ГО и лицето задолжено за соработка<br>▶ Бр. на испратени информации до ГО (е-пошта) | Буџет на ЛС |
| 1.2. | Редовно се одржуваат консултативни (координативни) состаноци помеѓу општината и граѓанскиот сектор | ▶ Одржување редовни средби со градоначалникот и Советот (минимум два пати годишно) и со службите на општината (ад-хок состаноци);<br>▶ Воспоставен механизам за хоризонтална комуникација на одговорното лице за соработка со другите службеници во општината. | ЛС | 2012/во континуитет | ▶ Број на одржани средби со Градоначалникот и Советот<br>▶ Број на учесниците на средбите | Буџет на ЛС |

| р.б. | Очекувани резултати | Активности | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.3. | Определен е посебен дел на веб-страницата за информирање на граѓанскиот сектор | ▶ Реорганизација на веб-страницата на општина Јегуновце;<br>▶ Информирање на организациите за можноста која ја нуди веб-страницата на општината;<br>▶ Редовно доставување информации од страна на ГО (годишни извештаи за работата, известување за активностите, резултатите, влијанието и сл.);<br>▶ Редовно (неселективно) објавување на информациите на веб-страницата. | ЛС | 2012/во континуитет | ▶ Адаптирана веб-страница<br>▶ Број на објавени информации од ГО на веб-страницата на општината | Буџет на ЛС/ донатори |
| 1.4. | Воспоставена е посеопфатна база на податоци на граѓанските организации во општината | ▶ Обезбедување податоци од ЦРМ за регистрираните организации во општината;<br>▶ Упатување повик за регистрирање во базата на податоци на општината до регистрирани ГО во општината;<br>▶ Софтверско решение за базата на податоци;<br>▶ Поставување на базата на податоци на веб-страница на општината;<br>▶ Редовно ажурирање на податоците. | ЛС | 2012/во континуитет | ▶ Подготвена база на податоци<br>▶ Бр. на регистрирани организации во базата | Буџет на ЛС/ донатори |
| 1.5. | Поддржано е формирање форум на граѓанските организации | ▶ Обезбедување логистичка поддршка за состаноци на иницијативниот одбор за форумот;<br>▶ Обезбедување поддршка при воспоставување на основните документи на форумот;<br>▶ Обезбедување консултативен процес за надлежностите и улогата на форумот;<br>▶ Поддршка на функционирање на форумот (простор, логистика и сл.). | ГО<br>ЛС | 2012/во континуитет | ▶ Обезбеден е простор за работење на форумот<br>▶ Донесени документи за формирање на форумот (статут, меморандум за соработка на ГО)<br>▶ Бр. на вклучени организации во форумот<br>▶ Број на одржани состаноци на Форумот | Буџет на ЛС/ донатори |

| СЦ 2 | Создавање овозможувачка околина за поттикнување и развој на граѓанското општество во општина Јегуновце | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **р.б.** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Финансиски средства** |
| 2.1. | Граѓаните се информирани за можноста за здружување, соработка, придобивки од здружувањето и сл. | ▶ Промотивни настани за можноста и придобивките од здружување на граѓаните и нивната поактивна соработка со ГО;<br>▶ Настани за поттикнување на формирање минимум една организација на граѓани во секое населено место. | ЛС | 2012/во континуитет | ▶ Бр. на одржани настани за промоција на здружувањето<br>▶ Бр. на учесниците на настаните<br>▶ Бр. на новоформирани организации во населени места | Буџет на ЛС/ донатори |
| 2.2. | Поддржано формирање граѓански организации (институционална, правна, финансиска) | ▶ Бесплатна правна помош за процесот на регистрирање на ГО (подготовка на статут и други основачки документи);<br>▶ Определување на средствата во буџетот на општината за поддршка на регистрирање на новите ГО. | ЛС | 2013/во континуитет | ▶ Бр. на консултации со потенцијални основачи на новите ГО<br>▶ Бр. на новорегистрирани организации кои ја искористиле поддршката од општината | Буџет на ЛС |

| СЦ 3 | Активно вклучување на граѓаните и граѓанските организации во процесите на креирање на локалните политики | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **р.б.** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Финансиски средства** |
| 3.1. | Подготвени се мерки за обезбедување учеството на граѓанските организации во процесот на планирање и подготовка на стратешки документи | ▶ Формирање мешовита работна група за подготовка на постапка и критериуми за избор на претставници на ГО;<br>▶ Воспоставување систем (постапка и критериуми) за избор на претставници на ГО во работни групи за подготовка на стратешки документи. | ЛС | 2012/во континуитет | ▶ Подготвен правилник за вклучување на ГО во процесите на креирање локални политики<br>▶ Подготвен правилник (со постапка и критериуми) за избор на ГО во работните групи за подготовка на стратешки документи | Буџет на ЛС |
| 3.2. | Граѓанските организации и граѓаните редовно се вклучуваат во процесите на подготовка на стратешките документи | ▶ Организирање јавни трибини со заинтересирани граѓани/ ГО при креирање стратегии и програми;<br>▶ Објавување предлог-стратегии и други акти на веб-страницата на општината со можноста за доставување коментари на граѓаните/ ГО. | ЛС | 2012/во континуитет | ▶ Бр. на организирани јавни трибини<br>▶ Бр. на учесници на јавни трибини<br>▶ Бр. на објавени предлог-стратешки документи на веб-страницата на општината | Буџет на ЛС/ донатори |

| р.б. | Очекувани резултати | Активности | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.3. | Претставници на граѓанските организации се вклучуваат во работењето на комисиите на општината | ▸ Воспоставување систем (постапка и критериуми) за избор на претставници на ГО;<br>▸ Вклучување на претставник од страна на ГО согласно темата на расправа на комисиите. | ЛС | 2012/во континуитет | ▸ Подготвен правилник за вклучување претставници на ГО во работењето на комисиите на општината<br>▸ Бр. на комисии во кои се вклучени претставници на ГО<br>▸ Број на состаноци на комисии каде што учествуваат претставници на ГО<br>▸ Број на прифатени предлози од претставниците на ГО | Буџет на ЛС |
| **СЦ 4** | **Придонес кон финансиската одржливост на граѓанскиот сектор и воспоставување партнерства помеѓу ГО и општината** | | | | | |
| **р.б.** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Финансиски средства** |
| 4.1. | Формиран е фонд за поддршка на граѓанскиот сектор во рамките на годишниот буџет на општината | ▸ Определување на висината на средствата (процент) во буџетот на општината за поддршка на проекти на ГО. | ЛС<br>Комисија финансии и буџет<br>–Совет на општината | 2013/во континуитет | ▸ Процент на буџетот на општината кој е определен за поддршка на проекти на ГО<br>▸ Донесена одлука на Советот на општината за финансиска поддршка на ГО | Буџет на ЛС |

| р.б. | Очекувани резултати | Активности | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2. | Воспоставени се транспарентни критериуми и постапка за финансирање на граѓанските организации | ▸ Формирање работна група за развивање транспарентни критериуми и процедура за финансирање и кофинансирање проекти на ГО;<br>▸ Подготовка на критериумите и постапката за финансирање партиципативен начин;<br>▸ Подготовка на формулари за аплицирање;<br>▸ Редовно објавување јавен повик. | ЛС<br>ГО | 2012/во континуитет | ▸ Развиени критериуми и процедури за финансирање и кофинансирање проекти на ГО<br>▸ Подготвени формулари за аплицирање<br>▸ Извештаи од објавените јавни повици (каде е објавен повик, рок од објава до рок за аплицирање, број на пријавени и сл.) | Буџет на ЛС |
| 4.3. | Определена е информативна точка за поддршка на работењето на граѓанските организации и самите граѓани | ▸ Определување и техничко оспособување просторија во зградата на општината за состаноци/обуки, тековни работи и сл. за граѓанските организации);<br>▸ Информирање на организациите за можностите коишто им се достапни во определената просторија (инфо-точка). | ЛС<br>ГО | 2013/во континуитет | ▸ Определен и опремен простор во зградата на локалната самоуправа за поддршка на ГО<br>▸ Објавена информација за новите можности<br>▸ Број на одржани настани во информативната точка | Буџет на ЛС / донатори |
| 4.4. | Создадени се услови за делегирање надлежности од општината на граѓанските организации | ▸ Анализа на специфични области од интерес на општината за воспоставување партнерства со ГО преку делегирање надлежности;<br>▸ Развивање критериуми за делегирање надлежности;<br>▸ Воспоставена пракса за делегирање надлежности. | ЛС | 2013/во континуитет | ▸ Дефинирани специфични области за кои може да се делегира надлежност на општината<br>▸ Усвоени критериуми за делегирање на надлежности<br>▸ Бр. на организации на кои е делегирана надлежност<br>▸ Бр. на делегираните надлежности | Буџет на ЛС |

| р.б. | Очекувани резултати | Активности | Одговорни институции | Временска рамка | Индикатори | Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.5. | Општината и граѓанските организации се поддржуваат во заедничко аплицирање на ЕУ и други меѓународни проекти | ▶ Определување посебен фонд од буџетот на општината наменет за кофинансирање на проекти. | ЛС<br>ГО | 2013/во континуитет | ▶ Износот (%) на средствата во општинскиот буџет наменет за кофинансирање на проекти<br>▶ Бр. на поддржани организации со кофинансирање | Буџет на ЛС |
| **СЦ 5** | **Подобрување на капацитетите на општинската администрација и на ГО** | | | | | |
| **р.б.** | **Резултати** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Финансиски средства** |
| 5.1. | Анализирани се потребите за јакнење на капацитетите на општинската администрација и на граѓанските организации | ▶ Спроведување на анкета за проценка на потребите;<br>▶ Подоготовка на извештај и план за јакнење на капацитети. | ЛС | 2012/ во континуитет | ▶ Извештај од анкетата<br>▶ Подготвен план за јакнење на капацитетите на администрацијата | Буџет на ЛС |
| 5.2. | Се спроведува план за јакнење на капацитетите | ▶ Организирање обуки за зајакнување на капацитети за општинската администрација и членови на советот;<br>▶ Заедничко учество на обуките на граѓанските организации и претставникот на општината;<br>▶ Заедничко учество на студиските посети. | ЛС<br>ГО | 2012/ во континуитет | ▶ Бр. на организирани обуки<br>▶ Бр. на учесници на обуката<br>▶ Бр. на студиски посети во кои учествувале заеднички претставници на општината и ГО | Буџет на ЛС/ донатори/ГО |
| 5.3. | Континуирано меѓусебно информирање за надградување на соработката | ▶ Споделување информации/ материјали од важноста за меѓусебна соработка. | ЛС<br>ГО | 2012/ во континуитет | ▶ Бр. на споделени информации од страна на општината<br>▶ Бр. на споделени информации од страна на ГО | Буџет на ЛС/ ГО |